ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
"ГРАДОНАЧАЛНИК"
Бр. 1204-433/4
20.12.2017 год
СВЕТИ НИКОЛЕ

Врз основа на член 61 став 5 и член 69 став 1 од Законот за животната средина ("Службен весник на РМ" број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/2015; 129/2015; 192/2015 и 39/2016) и член 4 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина ("Службен весник на РМ" број 147/08 и 45/11), Градоначалникот на Општина Свети Николе го објавува следното:

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

за изработка на Извештај за Стратегиска оцена на влијание врз животната средина на

Урбанистички план вон населено место (УПВНМ) Сопот, за викенд населба на м.в. „Трн дол",

КП 870, КП 871/1, КП 878 и КП 879, КО Сопот, Општина Свети Николе,

плански период 2017-2027 година.

Податоци и информации:

**1. Назив на органот:** Општина Свети Николе Адреса: ул.„Плоштад Илинден" бр.12 Свети Николе

**2. Назив на планскиот документ:** Урбанистички план вон населено место (УПВНМ) Сопот, за викенд населба на м.в. „Трн дол", КП 870, КП 871/1, КП 878 и КП 879, КО Сопот, Општина Свети Николе

**Краток опис на документот:** Од страна на Општина Свети Николе започната е постапка за донесување на УПВНМ Сопот, за викенд населба на м.в. „Трн дол", КП 870, КП 871/1, КП 878 и КП 879, КО Сопот, Општина Свети Николе, плански период 2017-2027 година.Се работи за плански опфат со површина од 2.48 ha која ја зафаќа границата на планскиот опфат, со намена А4-времено домување, Д2- заштитно зелнило, Д3-спорт и рекреација, Е1-комунална инфраструктура (сообраќајници), Е2 – комунална супраструктура и Е3 – некомпатибилна инфраструктура (ПС). Целта на изработка на овој урбанистички план вон населено место е да се обезбеди порамномерен просторен развој, рационално уредување и користење на просторот, осовременување на условите за хумано живеење и работа на жителите, подобрување на образовните и здравствените услуги, дневното снабдување, спорт и рекреација, културни потреби, комунална уреденост и мрежа на инфраструктура, како и да се предвидат мерки за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени разурнувања, од природни и технолошки непогоди.

**3. Назив и број на Одлука:** Известување со кое нашата Одлука за спроведување на стратегиска оцена со бр. УП1-15-1593/2017 од 01.12.2017 се прифаќа од Министерство за животна средина и просторно планирање.

**4. Засегнати органи:** Министерство за животна средина и просторно планирање, Општина Свети Николе, сите јавни претпријатија, правни и физички лица, НВО и граѓани

**Редослед на активностите во постапката за донесување на планскиот документ:** Урбанистичкиот план вон населено место, Општина Свети Николе се донесува со Одлука од страна на Советот на Општина Свети Николе

**5. Засегната јавност:** Граѓаните од Општина Свети Николе

**6. Начин на вклучување на засегнатата јавност:** Сите информации во врска со Извештајот за Стратегиска оцена на влијание врз животната средина за Урбанистички план вон населено место (УПВНМ) Сопот, за викенд населба на м.в. „Трн дол“, КП 870, КП 871/1, КП 878 и КП 879, КО Сопот, Општина Свети Николе во периодот од 20.12.2017 до 20.01.2018 година, ќе бидат достапни:

- Едношалтерски центар на Општина Свети Николе, секој работен ден од 07:30 до 15:30 часот. Граѓаните на посебен формулар може да ги дадат своите забелешки во однос на Извештајот; -на веб страната на Општина Свети Николе, www.svetinikole.gov.mk од каде може да се превземе Извештајот

Јавната расправа ќе се одржи на 10.01.2018г. (среда) во големата сала на Општина Свети Николе, со почеток во 12:00 часот.

**7. Дополнителни информации поврзани со изработката на документот:**

Урбанистички план вон населено место (УПВНМ) Сопот, за викенд населба на м.в. „Трн дол“, КП 870, КП 871/1, КП 878 и КП 879, КО Сопот, Општина Свети Николе се донесува за плански опфат со површина од 2.48 ha. Подрачјето на предметниот плански опфат, претходно е опфатен со Просторниот план на Република Македонија.

Цел на Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина за УПВНМ за изградба на викенд населба на м.в. “Трн Дол“, КП 870, 871/1, 878 и 879, КО Сопот, Општина Свети Николе, за плански период 2017 – 2027 годна, е навремено да ги вклучи целите на заштита и унапредување на животната средина на подрачјето опфатено со УПВНМ за изградба на викенд населба на м.в. “Трн Дол“, во целите на планскиот документ. Навременото вклучување на целите за заштита на животната средина е неопходно за да се осигура одржлив равој на Општина Свети Николе. Влијанијата врз животната средина се очекуваат во фаза на спроведување на планот при градба на објектите и нивна употреба кои ќе се решат со засебни документи за влијание врз животната средина - студии за оцена на влијанието на проектите врз животната средина и елаборати за заштита на животната средина.

ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

Градоначалник,
м-р Сашо Велковски